Врз основа на член 71 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Управниот одбор на Банката на ден 30.07.2026 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за измена на Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

I. Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје се менува во следните делови:

- Во дел Правни лица, во тарифен број 2.3.1 Затворање на платежна сметка по барање на клиент, се допрецизира дека затворањето на платежна сметка е без надомест кога рамковниот договор за платежна сметка и платежни услуги е пократко и/или подолго од шест месеци.
- Терминот„странска валута„ се менува со терминот„ ЕУР и валута различна од ЕУР".
- Во тарифниот број 3.1.2 терминот„ Подигнување готовина" се заменува со терминот„ Повлекување готовина".
- Во тарифен број 5.3 насловот се менува гласи„Условени кредитни трансфери во евра и валута различна од евро", а во тарифниот број 5.3.1 насловот „Условени кредитни дознаки" се менува во „Условени кредитни трансфери во евра и валута различна од евро".
- Во тарифен број 5.5.1 насловот „Откажување на плаќање по барање од клиент" се заменува со наслов „Отповикување на плаќање по барање на клиент".
- Во тарифниот број 7.2.7 насловот„ Канселирање пред истекот на рокот„ се заменува со наслов „Откажување пред истекот на рокот".
- Во тарифен број 9.2.3 потточки а), б), в), г),д) и ѓ) терминот „ подигнување" се заменува со терминот" повлекување" а во потточка е) терминот „депонирање„ се заменува со терминот„ уплата".
- Тарифните броеви 34, 34.1,34.2,3 4.2 и 34,4 се менуваат во 33, 33.1,33.2,33.3 и 33.4.
- Глава IV „Останати услуги" се брише, а Глава V „Термински план за работа на банката при реализација на кредитни трансфери од/за клиенти на банката" станува Глава IV.
- Во целиот текст на тарифата, терминот „налог" се менува со терминот„ кредитен трансфер" и терминот „денарска сметка" се менува со терминот„ платежна сметка".

Образложение за промените: од постојната Тарифа на надоместоци се издвојува Глава V- делот за надоместоци за странските кореснодентски банки, како посебена Тарифа. Се допрецизира дека затворањето на платежна сметка е без надомест кога рамковниот договор за платежна сметка и платежни услуги е пократко и/или подолго од шест месеци и тарифниот број гласи„ Затворање на платежна сметка по барање на клиент (отворена со рамковен договор кој во моментот на затворање е на сила пократко и/или подолго од шест месеци)". Исто така, направени се терминолошки усогласувања на термините содржани во тарифата со термините во Општите услови за платежна сметка и платежни услуги.

II. Одлуката стапува на сила на денот на донесувањето.

III. Промените со оваа Одлука ќе почнат да се применуваат од 15.10.2026 година и истата да се објави на интернет страната на Банката.

IV. Одлуката се доставува до сите дирекции, експозитури и архивата на Банката.

УО. број: 0202/2-116/2026
30.07.2026 година

УПРАВЕН ОДБОР

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ 1